Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/2019), од Имателот ја бараме следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Кои активности се реализирани за изградба и реконструкција на локални патишта и улици во општината?
2. Во која фаза е изработката на ГУП и ДУП за Демир Хисар и за поголемите населени места?
3. Кои активности се преземени за развој на индустриската зона во Демир Хисар?
4. Дали се воведени нови дигитални услуги или алатки за дигитализација на општинските услуги? Ве молиме наведете конкретни примери.
5. Дали е формиран младински совет во општината и кои активности ги реализирал досега?
6. Кои активности се реализирани за реконструкција на подрачните училишта, спортските сали и спортските терени?
7. Дали општината обезбедила финансиски средства или проекти за реализација на овие приоритети?

Ве молиме, покрај описните одговори на наведените прашања, да ни доставите и релевантна документација (или линкови) поврзана со преземените активности, мерки и процеси, вклучително и одлуки, урбанистички планови, програми, стратегии, акциски планови, буџетски ставки, договори, тендерска документација, извештаи, записници, временски рамки, анализи, студии, јавни повици и друга релевантна документација со која располага општината.

Доколку одредени активности се во фаза на планирање или постапка, ве молиме да доставите информации и документација за моменталната фаза на реализација.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

**Датум:** 02.09.2026

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-806/1, 02.09.2026 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

--------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 02.09.2026 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со утврдени граѓански приоритети, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со утврдени граѓански приоритети.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 02.09.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 02.09.2026 година под архивски број 18-806/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 02.09.2026 година, под бр. 18-806/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

____________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1.Кои активности се реализирани за изградба и реконструкција на локални патишта и улици во општината?

-Реализирани се следниве локални патишта и улици во периодот 2025-2026 година:

А) Реконструкција на улица во село Сладуево, село Смилево, село Загориче, село Жван, село Стругово, село Белче (две улици), село Единаковци, дел од улица Маршал Тито во Демир Хисар заедно со јавна површина и локален пат село Вардино-Демир Хисар.

Б) Изградени се две улици во село Бараково.

2.Во која фаза е изработка на ГУП и ДУП за Демир Хисар и за поголемите населени места?

-Изработката на ГУП за Демир Хисар сеуште е во фаза на изработка со оглед на тоа дека при организираните јавни анкети граѓаните доставија соодветни предлози и барања кои треба да се вклопат во планот. Во фаза на изработка е урбанистичка документација за парцелизација на делот кај планираниот Соборен храм „Св.Кирил и Методиј" во Демир Хисар како и урбанистичка документација за проширување на опфатот на градските гробишта.

3.Кои активности се превземени за развој на индустриската зона во Демир Хисар?

-Општина Демир Хисар имајќи ги во предвид потребите на граѓаните и инвеститорите е насочена кон изградба на комунална инфраструктура за индустриската зона која предвидува тендерирање на проекти и нивна реализација.

4.Дали се воведени нови дигитални услуги или алатки за дигитализација на општинските услуги?

-Општина Демир Хисар има воведено неколку типа на дигитални услуги кои им се ставени на располагање на граѓаните и тоа:

- https://demirhisar.gov.mk/uslugi/e-uslugi/,
- https://demirhisar.gov.mk/uslugi/predlozi-na-graganite/,
- https://demirhisar.gov.mk/prijavi-problem/,
- https://demirhisar.gov.mk/moj-danok-za-mojata-opshtina/,
- https://demirhisar.gov.mk/mzaednicza/.

5.Дали е формиран младинскиот совет во општината и кои активности ги реалзирал до сега:

-Објавен е јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Демир Хисар:

-https://demirhisar.gov.mk/javen-povik-za-formirane-na-iniczijativen-odbor/,

Во фаза е да се свика состанок на иницијативниот одбор и да се конституира локалното собрание на млади.

6.Кои активности се реализирани за реконструкција на подрачните училишта, спортските сали и спортските терени?

-Изграден е мултифункционален спортски центар во Демир Хисар со кошаркарски и тениски терен и фитнес зона.

7.Дали општината обезбедила финансиски средства или проекти за реализација на овие приоритети?

-Да, за сите планирани и веќе реализирани проекти како и за проектите во реализација или планирани, обезбедена е финансиската конструкција од општинскиот буџет или од средства од одредени министерства.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

-----------------------------------------------